


haag

HOUSING FOR THE AGED ACTION GROUP

HOME at last

Macedonian – Македонски

# Поддршка и информации за домување на постари луѓе

На сите ни треба дом што е сигурен и кој можеме да си го дозволиме, за да бидеме безбедни и здрави додека стареeме. Затоа им даваме поддршка на постарите луѓе кои се соочени со несигурно домување или немање дом, совети на луѓето во домување за пензионери, ги поврзуваме постарите луѓе со Aged Care, и застапуваме во врска со домувањето на постарите луѓе.

Нашите услуги се достапни на жителите на Викторија на возраст од 50 години и постари, и на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес на 45 години и постари. Ги прифаќаме луѓето од сите културни потекла, способности, националности, родови идентитети, меѓусексуални варијации, сексуални ориентации и религиски верувања.

oldertenants.org.au
Level 1, Ross House,
247 Flinders Lane, Melbourne
(03)9654 7389
haag@oldertenants.org.au

Преведувачи се достапни на барање

Нашата канцеларија е достапна за инвалидски колички

# Помош при приватно изнајмување

Дали имате тешкотии да ја плаќате станарината? Дали побарале од вас да се иселите? Дали во вашата куќа е нешто неисправно, а вашиот газда не го поправил?

Ако сте постаро лице кое живее во приватно изнајмен дом, можеме да ве посоветуваме како да ги решите проблемите со вашиот газда или со real estate agent [агентот за недвижнини], како и да ви дадеме информации за други можности за домување.

Јавете се на Home at Last за бесплатни информации во доверба на
**1300 765 178**

# Помош за наоѓање дом

Дали ви треба помош да најдете дом што можете да си го дозволите? Нашата служба Home at Last може на жителите на Викторија кои ги исполнуваат условите да им даде информации и поддршка за поднесување барање за Public [јавно] или Community Housing [комунално домување] што можете да си го дозволите. Можеме да ви помогнеме директно или да ве поврземе со други служби ако ние не можеме да ви помогнеме.

Јавете се на Home at Last за бесплатни информации во доверба на
**1300 765 178**

# Помош за наоѓање нега на стари лица

Дали ви треба помош дома? Дали имате прашања околу негата на стари лица? Дали сакате да знаете каква помош е достапна?

Јавете се на нашата care finder service [служба за наоѓање услуги на нега] на **1300 765 178** за да добиете помош за самостојно живеење во вашиот дом

# Помош за пензионерско домување

Наоѓањето, живеењето и заминувањето од пензионерско домување може да биде тешко. Дали ве загрижува некој услов во вашиот договор, цената што изгледа неправедна или превисока, или начинот на кој управата се однесува кон вас?

Јавете се на нашата Retirement Housing Advice Service [Советодавна служба за пензионерско домување] на
**(03) 9654 7389**



VICTORIA

HAAG оддава признание за поддршката од Владата на Викторија, Wicking Trust, Ian Rollo Currie Estate Foundation и на другите наши добротворни финансиери. Нашата care finder service е поддржана од Primary Health Networks [мрежи на примарна здравствена нега] во Викторија.